Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 05 - 398/1
28.12. 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), в.в со член 12 став 1 алинеја 6 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр.142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18) и член 20 став 1 алинеја 9 од Статутот на Државниот испитен центар бр.01-9/1 од 23.11.2009 година, бр.02-34/1 од 14.01.2011 година и бр.01-228/2 од 06.05.2015 година, в.д. директорот на Државниот испитен центар, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## *за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот испитен центар*

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Државниот испитен центар бр. 01-281/6 од 13.06.2019 година и бр.01-281/10 од 26.11.2019 година, и тоа:

Во глава IV, точка 2, подточка 2.2, кај работното место со реден број 31-шифра УПР 01 01 Г04 000 Помлад референт за технички работи и магацинско работење при Секторот за обуки и издавачка дејност во Одделението за издавачка дејност, во делот Вид на образование се менува и гласи: „Вишо или средно образование (гимназиско или четиригодишно средно стручно образование).

### Член 2

Во глава IV, точка 3, кај работното место со реден број 37-шифра УПР 01 01 Г02 000 Виш референт за канцелариско и архивско работење, во Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи во делот Вид на образование се менува и гласи: „Вишо или средно образование (гимназиско или четиригодишно средно стручно образование).

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по претходно добиена согласност од Управниот одбор на Државниот испитен центар и Министерството за информатичко општество и администрација.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
В.Д. ДИРЕКТОР
м-р Елизабета Наумовска